# Вашите права и обврски

## Во овој документ се детално наведени вашите права и обврски кога ги користите услугите на BreastScreen Victoria.

| | Вие имате право на: | Ваша обврска е: |
|---|---|---|
| **Пристап** | • Да дојдете во секоја клиника на BreastScreen Victoria<br>• Да имате бесплатно снимање на дојките и процена | • Да нè информирате ако имате специјални потреби |
| **Безбедност** | • Да добиете безбедна и висококвалитетна нега<br>• Информации за да можете да донесете информиран избор | • Да се однесувате на начин што нема да влијае негативно на безбедноста, добросостојбата или правата на персоналот и на другите корисници на услуги<br>• Да разбирате дека може да биде побарано да заминете или да ви биде откажана услуга ако не го почитувате персоналот и другите корисници на услуги, или ако се однесувате на заканувачки или опасен начин |
| **Почитување** | • Културолошки безбедно искуство со почитување<br>• Клиники што се чисти, удобни и дискретни | • Да го почитувате персоналот кој ви укажува нега и другите корисници на нашите услуги<br>• За вашите потреби да нè информирате на пристоен начин |
| **Комуникација** | • Јасна и отворена комуникација со нашиот персонал<br>• Поставувајте прашања<br>• Корисни информации што може да ги разберете<br>• Користете преведувач | • Да ни давате точни информации за да можеме да ви помогнеме<br>• Да нè информирате ако имате прашања или проблеми околу вашата нега |
| **Учество** | • Побарајте да прекинеме во секое време<br>• Повлечете ја вашата согласност во секое време<br>• Доведете со вас член на семејството или лице за поддршка | • Да ни ги давате сите информации што ни се потребни за вашата нега |
| **Приватност** | • Очекувајте од нас да ја одржуваме вашата приватност<br>• Побарајте пристап на вашите здравствени информации<br><br>Побарајте од нашиот персонал примерок на нашиот Правилник за приватност или видете на breastscreen.org.au | • Да нè информирате ако која било ваша здравствена информација е неточна или нецелосна |
| **Коментар** | • Очекувајте да реагираме за сè што ве загрижува<br><br>Ако некое прашање остане нерешено, може да стапите во контакт со the Health Complaints Commissioner (Началникот за здравствени поплаки). | • Да коментирате или изразите загриженост околу вашата нега<br><br>Повратни информации поднесете на breastscreen.org.au или јавете се на 13 20 50. |



Свртете →

## Нашата програма е со почитување и љубезност

Се трудиме да обезбедиме нашата програма да е сеопфатна и достапна на сите жителки на Викторија кои ги исполнуваат условите. Ние спроведуваме програми во заедницата за надминување на бариерите спрема прегледите на дојки и за зголемување на учеството во нашата програма.

За повеќе информации за поддршката на заедницата во BreastScreen Victoria, видете на www.breastscreen.org.au/community-support/

## Повеќе информации

Ве молиме речете му на нашиот персонал ако имате прашања или проблеми. Нашите права и обврски се врз основа на Австралиската повелба за правата на здравствена нега во Викторија (Australian Charter of HealthCare Rights in Victoria).

Закажете на **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

**TTY 13 36 77** ако имате тешкотии со слухот или говорот

За повеќе информации или за да ги смените вашите податоци, посетете **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

За помош од преведувач, јавете се на **13 14 50**

Преведени информации: **breastscreen.org.au/translations**

BreastScreen Victoria оддава признание на поддршката од Викториската влада.



© 2023 BreastScreen Victoria. Сите права задржани

**Јули 2023** FSR&R/0723